Александар АПОСТОЛОВ

# ШТРАЈКОВИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД СКОПСКАТА УЧИТЕЛСКА ШКОЛА ВО 1919 И 1922 ГОДИНА И СОЛИДАРНОСТА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД УЧИТЕЛСКИТЕ ШКОЛИ ВО СРБИЈА СО ОВИЕ ШТРАЈКОВИ

## ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА ЗА ПРОСВЕТАТА ВО МАКЕДОНИЈА

Последиците од Првата светска војна се чувствуваа низа години по нејзиното завршување во земјите што војуваа, а особено во оние што беа стопански позаостанати и што претрпеа поголеми разурнувања. Таков беше случајот и со новосоздаденото Кралство на Србите, Хрватите и Словенците во составот на кое влезе Вардарска Македонија. Последиците од војната, односно од промените што таа ги обуслови, беа видливи и долготрајни и во просветата во Вардарска Македонија. Во првите години по војната, не само што не беа создадени нови образовни институции, туку и оние што редовно работеа пред балканските војни во Македонија не можеа да ја обноват својата дејносот во новите услови. За ова имаше повеќе причини и од објективен карактер и заради промените што војната ги донесе. Но без оглед на ова, владеачките кругови на Кралството ја чувствуваа потребата од просветување на училишната младина за таа да се воспитува во духот што одговараше на потребите на владеачката класа и на врвоите од владеечката нација. Ова беше дотолку потребно за новата власт што во Македонија пред завршетокот на војната дејствуваа повеќе туѓи за македонскиот народ национални пропаганди. Имајќи ги предвид крајните цели (денационализацијата и асимилацијата на македонскиот народ) што преку просветата сакаше да ги постигне новиот режим во Македонија, спроведувачите на тој режим од теренот известуваа до своите претпоставени за потребата од неодложно отпочнување на наставата во училиштата. Во овие извештаи може да се види дека сосема била неповолна ситуацијата во

просветата. Во весникот „Јужна Звезда", којшто излегуваше во Битола, М. Крстиќ, во својот напис за просветните прилики во Македонија, меѓу другото вели: „дека има цели околии без ниту едно училиште, а дека деведесет и девет од сто од училиштата немаат најосновни услови за работа".[1])

Дури и воените команданти пишуваат за потребата што поскоро да се отпочне со наставата на српски јазик во Македонија, наведувајќи повеќе причини за тоа. Уште веднаш по свршувањето на војната, командантот на Брегалничката дивизиска област соопштува во својот извештај до повисоката команда за неповолните прилики во просветата и додава: „Иако има многу деца (од училишна возраст — н. б. — А. А.), ниту едно основно училиште не работи бидејќи нема учители; гимназијата во Штип има само 5 наставника, а има многу гимназијални ученици".[2])

„Осведочениот пријател на српството", Швајцарецот д-р Арчибалд Рајс, едно време шеф на техничката полиција на Кралството СХС[3]), преку своите бројни написи печатени во дневниот и периодичниот печат што излегувал на територијата на Кралството СХС, се застапува за ширење на просветата преку отворање училишта во Македонија, со цел што побргу да се асимилира македонскиот народ. Притоа тој наведува дека е жална состојбата на просветата во некои краишта од Македонија. „Во Ресенско, на пример, пишува на едно место спомнатиот автор, во времето на Турците имало 15 основни училишта и една гимназија".

„Во селата на Фронтот (се мисли на Македонскиот-Солунскиот фронт во Првата светска војна — н. б. — А. А.) од левата страна на Црна Река, нема ниту едно училиште, и покрај тоа што таму има повеќе села".[4])

Освен што немало доволен број погодни згради и нужен инвентар за училиштата, главна причина за лошите просветни прилики во Македонија бил недостигот на просветен кадар. Во текот на војната изгина голем број просветни работници во со-

---

1. Д-р М. Крстић, За наш Југ. „Јужна звезда", год. I, бр. 9, Битољ, 1922.

2. Архив војноисторијског института ЈНА, Белград, Пописник 4/3, кутија, 56, фасцикла 2-Команда Брегалничке дивизијске области пов. Ђ. бр. 1639, од 26 јануара 1919 г. Штип-Команди III армијске области-извештај.

3. Навистина овој Швајцарец има големи заслуги за одбраната на Србија и српскиот народ од напаѓањата на непријателите на српството, особено во текот на Првата светска војна и по неа преку бројни свои написи, но што се однесува до неговиот став спрема Македонија и македонскиот народ тој став е крајно шовинистички бидејќи и му служи на дворот и на великосрпските режими во Македонија.

4. Р. А. Рајс, Обнова и настава. „Нови живот", Београд, 1921, стр. 12-13.

ставот на српската војска. Недостигот од просветен кадар во Вардарска Македонија беше и од друг карактер Така на пример, неколкуте стотини егзархиски учители по потекло Македонци, како и други кои сакале да стапат во просветната струка, не биле пожелни од тогашните власти од познати причини.[5]) Режимот што беше воведен бараше пред сè свои приврзаници, односно погодни лица за служба во просветата, кои ќе сакаат да ја спроведуваат политиката на денационализација и асимилација на македонскиот народ. Од друга страна не можеше да стапи во просветна служба лице што не го знае српскио тјазик, бидејќи, како што е познато, наставата се изведуваше во Македонија исклучиво на овој јазик. За сите овие критериуми да се задоволат, како и да се оспособат луѓе за изведување настава, беа нужни не само погодни кандидати туку и неопходно време.

За побрзо оспособување на учителски кадар за основните училишта, Министерот на просветата Љуба Давидовиќ, уште во декември 1918 година донел одлука за организирање курсеви за учители во Белград, Јагодина (ден. Светозарево), Крагуевац, Неготин Краина и Скопје. Запишувањето на посетителите на овие курсеви било извршено уште во јануари 1919 година. Во Скопската учителска школа биле запишани 720 курсисти, но до јуни истата година, кога фактички започнала наставата, од нив останале само 250 ученици курсисти. Осипувањето на 470 ученици за неполни 6 месеци се должело пред се на лошите материјални услови во кои биле поставени курсистите (лоша исхрана, немање доволно и погодни сместувачки капацитети и др.).[6])

Курсевите траеле од три месеци до две години. Според зборовите на еден ученик на тие курсеви, нив ги посетувале главно постари, од војната спречени да го продолжат своето образование младинци, и оние кои во време на војната, по сила на околностите, станале учители, без педагошко образование.[7])

## ПРИЧИНИ ЗА ШТРАЈКОТ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД СКОПСКАТА УЧИТЕЛСКА ШКОЛА ВО 1919 ГОДИНА

### 1. Лошите материјални услови една од причините за штрајкот

Од изворите со кои располагаме, како и од искажувањето на еден курсист, учесник во штрајкот, главни причини за

5. Александар Денковић, Просветне прилике на Југу. „Нова Европа", књ. XVII, бр. 4 и 5, 1928, стр. 110

6. Петар Стојанов, Штрајкот во Скопската учителска школа 1919 година. „Нова Македонија", г. XV, бр. 4692 од 5 септември 1959 г.

7. Александар Николић, Прва послератна генерација ученика Учитељске школе у Скопљу. „Учесници и сведоци", Зборник сећања о делатности напредног учитељства Југославије до 1941 године, књ. прва, Београд 1974, стр. 35-37.

штрајкот на учесниците од Скопската учиетлска школа биле лошите станбени услови, сосема слабата исхрана, сосема мали и недоволни стипендии, немање огрев во зимските месеци кога избувнал штрајкот.

Од поплаката што била упатена до Министерот за просветата во Белград, како основни причини, потписниците-ученици од Скопје, ја наведуваат лошата исхрана, потоа студот во спалните простории „што биле без прозорци", како и нехигиената од која се појавиле вошки заради тоа што пресвлеката на леглата не била менувана повеќе месеци; немање долна облека, немање горна облека, та од студ и глад биле принудени „да скитаат голи, боси и гладни по скопските улици. Скопскиот местен одбор им доделил 50 метри материјал за облека, а на учениците им биле потребни 600 метри[8])".

Од документите што тука ги приложуваме уште поилустративно се наведени причините што ги навеле учениците да организираат штрајк. Меѓу другото се вели и ова: „дека становите повеќе личат на гробници отколку на станови, а храната е рамна на помија, та сето тоа нè принудува секој ден да ги празниме училниците, а да ги полниме болниците. Ние патуваме во прегратките на блиската и сигурна смрт од глад и од студ. Мизерните 40 динари што треба да се даваат и се наречуваат стипендија — не знаеме зошто — не се достатни ни за училиштен материјал, а каде е стан, отоплување и други потреби . . ."[9])

**2. Влијанието на Октомвриската социјалистичка револуција врз свеста на курсистите како втор важен чинител за штрајкот.**

Од официјалните документи не е можно сосема да се заклучи дека важен идеен двигател на немирите што ги опфатиле учениците од Скопската учителска школа, како и другите учителски школи од Србија, бил одгласот на Октомвриската социјалистичка револуција и во нашата земја, па и социјалните раздвижувања што непосредно по војната како стихија се разлеале во сите краишта од новата држава, за потоа, од создавањето на КПЈ да се осмислат и организирано канализираат со крајна цел да се урне класното-буржоаско општество, а да се создаде заедница на рамноправни народи и подобри социјални услови за живот.

---

8. Петар Стојанов, цит. дело.

9. Архив Југославије, Београд, Фонд Министарство просвете Краљевине Југославије — „поверљива акта". Представка упатена од учениците на 26 ноември 1919 г. до Министерството на просветата — Београд. Претставката е потпишана од по неколку ученици-делегати од учителските школи: Белград, педагошки курс, Женска учителска школа, Крагуевачки педагошки курс, од Скопската учителска школа, од Неготинската и од Јагодинската учителска школа.

Огромниот дел од учениците во учителските школи, а посебно оние од Скопската учителска школа биле учесници во Првата светска империјалистичка војна. Тие биле сведоци на пропаѓање четири моќни монархии под бранот на незадоволствата што ги засили Првата светска војна (Австро-унгарија, Германското царство, Турската империја и рускиот царски деспотизам). Тие биле современици и на коренитата општествена промена што настанала со социјалистичката револуција во Русија. Како припадници на потиснатите општествени слоеви од градот и од селото, поставени во мизерни услови на живеење и школување, а гледајќи ги неправдите и експлоатацијата што ја врши буржоазијата над изгладнетите маси со невидено покачување на цените, пред сè на продуктите од прва неопходност, учениците се решаваат на штрајк. Низ таква форма на борба тие сакаат да го изразат своето незадоволство не само од лошите услови во кои биле поставени, туку и воопшто против општествениот поредок во новосоздадената држава. Властите и покрај тоа што подбирале кандидати за учители се измамиле во „лојалноста" нивна спрема режимот. Интимата, што имала примарна улога во свеста на учениците-штрајкачи, изразена е јасно од еден учесник во овој штрајк, којшто, освен лошите услови за живот ги наведува и овие причини што ги навеле курсистите да се решат за ваков чекор. „Во тие први повоени години во јавноста преовладуваа националистички чувства: великосрпскиот национализам и солунаштвото се истакнуваа во сите јавни манифестации, на прославите, во печатот и на други места. Сè со нив се оправдува и велича, а се задушуваат социјалните проблеми, се угнетуваат и не се признаваат поедини нации, а македонската најизразито и најгрубо. Меѓутоа, множина од учениците на оваа школа не ги занесе тој буржоаски, великосрпски национализам. Тие беа наклонети кон идеите на Ленин и кон Октомвриската револуција . . ."[10])

Според искажувањата на овој современик и учесник во настаните за кои овде станува збор, со социјалистичките идеи најмногу ги запознавале своите ученици професорите на Скопската учителска школа: историчарот Душан Ивановиќ и математичарот Никола. „Кај професорот Ивановиќ се состанувавме во групи и го читавме напредниот печат, дискутиравме за напредните идеи, за борбата на работничката класа и за Социјалистичката октомвриска револуција . . ." Напредните идеи ги ширеле меѓу помладите ученици: Петар Кастрановиќ, Милан Станимировиќ, Боро Митровиќ, некој Бебел, Дејан Дубаиќ, Васил Сеизов, од Кавадарци и други.

---

10. Александар Николић, цит. дело, стр. 35-37.

„Домот на работничките синдикати се наоѓаше во центарот на градот. Ние таму бевме чести посетители на предавањата што ги држеа познати комунисти и работници, од кои ми останаа во сеќавање само Душан Тасиќ, адвокат“.

Понатаму овој современик раскажува дека курсистите се бореле во училиштето за современа настава и за демократски режим во интернатот. „Имавме и причини за таква борба, вели Александар Николиќ, зошто школата и интернатот, со своите режими повеќе личеа на касарни или богословии одошто на просветни установи ... Исхраната беше повеќе од оскудна, а верските обреди посебно потенцирани, бидејќи „српството и православието“ беа главно „идејно воспитание“. Така на пример, во текот на денот дванаесет пати се читаа молитви, пред и по секоја работа и обед“.[11]) Според истиот автор, сето ова било повод за предизвикување бунт кај учениците и за започнувањето на штрајкот што ќе трае повеќе денови.

## ШТРАЈКОТ ВО 1919 ГОДИНА

Организатори на штрајкот во Учителската школа во Скопје биле постарите младинци-курсисти: Јевѓевиќ, Кастратовиќ, Боро Митровиќ, Станимировиќ, Ратко Жуниќ и др.

Штрајкот започнал со одбивање од страна на учениците да станат и да читаат молитви пред учењето и пред обедите, а потоа учениците престанале да одат на настава и одбиле да ја примаат интернатската храна. Бил формиран штрајкачки одбор, којшто во својство на делегација поставил пред директорот на Школата Александар Мариќ следниве барања: да се укинат молитвите, да се отстрани касарнскиот режим во интернатот, да се подобри исхраната, да се подобри наставата и сл. Но откако директорот ги одбил барањата на штрајкачкиот одбор, била избрана делегација која отишла во Министерството во Белград ... Во штрајкот учествувале сите посетители на курсевите освен неколку „штрајкбрехери“[12]).

Штрајкот започнал во почетокот на ноември, а траел околу 20 дена.

Од претставките што ги упатувале делегациите на учителските школи до просветните органи со поставени барања, како и од преписката што по тој повод се водела меѓу школските управи и министерството на просветата може да се види дека штрајкот наполно успеал. Бројните закани од страна на упра-

---

11. Пак таму.

12. Архив Југославије, Београд. Фонд Министерство просвете, строго поверљива акта, претставка од делегацијата до Министерството на просветата од 26 ноември 1919 г.

вите на учителските школи не ги поколебале штрајкачите и тие истраеле до конечната победа.

И од Министерството на просветата учениците биле повикувани во рок од три дена да се вратат на настава, а во спротивно ќе бидат лишени од сите принадлежности. Имињата пак на оние ученици што не ќе се вратат на настава ќе бидат доставени до месните полициски власти.

Во претставката што ја поднела делегацијата до Министерството на просветата биле изложени барањата на учесниците во штрајкот. Во оваа претставка, покрај другото се барало да се обезбедат минимални услови за живеење и за работа, потоа да им се определи на учениците по 100 динари месечна стипендија за набавка на училишни потреби; да се изедначи во сите учителски школи времето проведено на курсевите; да се гарантира на учениците слобода на здружување; веднаш да се отвори во Скопје училиште за оние 300—400 лица што од јануари не отпочнале со наставата.

На крајот од представката се барало од Министерството никој од штрајкачите да не биде казнет, ниту да му се намали поведението. Штрајкачите категорично изјавиле дека нема да се вратат на предавања се додека не им се исполнат поставените услови.[13])

Откако со неколкуте обиди од страна на Министерството на просветата и на школските власти со закани да ги заплашат штрајкачите за да се вратат на настава не успеале, на 2. декември 1919 година, Министерството на просветата со свој акт пов. О. Н. бр. 77 решило да ги удоволи, речиси, сите барања што ги содржела претставката.[14])

Штом дознале за штрајкот на учениците од Скопската учителска школа, учениците од другите учителски школи во Србија стапиле во штрајк. И тие избрале свои делегации кои заедно со скопската делегација поднеле претставка до Министерството на просветата.

Од неколкуте документи може да се види нивната солидарност со штрајкачите ученици од Скопје. Така на пример, посетителите од Педагошкиот курс во Белград го известуваат својот управител дека и тие му пристапуваат на штрајкот што го организирале сите учителски школи и дека неговата заповед бр. 1685 од 25 ноември 1919 година, со која бара да се вратат на настава останува неважечка се дури не бидат исполнети нивните барања како и барањата на сите учителски школи во Србија.[15])

---

13. Пак таму.
14. Пак таму.
15. Пак таму.

Откако стивнале безредијата, школските власти, спротивно на своите ветувања дека нема да казнат никого од штрајкачите ги казниле со истерување од Учителската школа од Скопје организаторите и раководителите на штрајкот Петар Кастратовиќ, Боро Митровиќ, Станимировиќ, и уште некои други.[16])

## ШТРАЈКОТ ВО 1922 ГОДИНА

За овој штрајк располагаме само со два документа и тоа: Молба потпишана од 120 ученици од Скопската учителска школа упатена до Министерството на просветата на 13 декември 1922 година и писмо од управителот на школата Вук со кое го известува Министерството на просветата за штрајкот и му предлага извесни мерки против штрајкачите.

И за овој штрајк основната причина е слабата исхрана, немање огрев, немање облека и мали стипендии. Освен тоа штрајкачите барале да се изедначат сите ученици во поглед на стипендиите, а да се отфрлат условите што пред учениците ги поставило Министерството дека се должни двојно повеќе време да проведат во просветна служба од она што го поминале на школувањето.[71]

По повод на овој настан, управителот на учителската школа испратил писмо до Министерството во кое известува дека „штрајкачите ја претвориле просторијата за работа во просторија за собир од каде не сакаа да се разотидат и да ја продолжат работата на часовите".[18])

Во својот извештај под точка III управителот предлага „дека треба неминовно да се спасува авторитетот на властите и на законите од самоволијата на учениците на оваа школа", а на крајот од писмото се вели „дека професорскиот совет се сложил оти би било неопортуно во овие денови на возбуди да се казнуваат пројавените нарушувачи со истерување од школата, плашејќи да не се предизвикаат поголеми вриења".[19])

Каков бил крајот на овој втор штрајк на учениците од Скопската учителска школа не ни е познато. Но познато е дека напредното учителство беше се здобило со слободарски идеи уште во училишните клупи, та ги беше изневерило очекувањата на господаречката класа која со жал констатираше оти: „Заради изменети, културно национални идеали по војната, нашата средно-

---

16. Александар Николић, цит. дело.
17. Архив Југославије, Фонд Министарство просвете.
18. Пак таму.
19. Пак. таму. Извештај од управителот на Скопската учителска школа пов. бр. 17, од 17 декември 1922 година, до Министерството за просветата — одделение за основна настава — Белград.

школска младина преживува една општа криза. Моралната дисциплина во школите е нешто опадната-учениците сè помалку се загреваат за наука и општествени идеали“[20]). Ова констатација навистина беше сосема точна бидејќи се однесува на идеалите на владеечкат буржоаска класа, но затоа напредното учителство се здоби со нови идеали што сакаше преку борба, какви што беа и штрајковите да избори за себе посносен живот, а потоа, на теренот ќе ја продолжи борбата за реализирање на идеалите на потиснатите општествени слоеви.

Познато е исто така дека полицијата се противеше да се испраќаат во Македонија учители комунисти, а особено оние што доаѓаа од Јагодинската учителска школа[21]), зошто тие и сличните на нив, во извесни прилики се бореа и за националните права на македонскиот народ.

## ПРИЛОГ

ТРЕТА БЕЛГРАДСКА ГИМНАЗИЈА — Превод од српски јазик

Педагошко одделение

Бр. 1685

## СООПШТЕНИЕ

Учениците од Педагошкото одделение на Третата белградска гимназија ми предадоа изутринава акт со оваа содржина:

„По повод штрајкот на сите учителски школи во Србија, а не можејќи натаму да опстанеме во школата без стан и облека, што е многу скапо, принудени сме и ние да му пристапиме на штрајкот.“

Заради тоа Ве известуваме со ова.

Во Белград, 25 - XI - 1919 г. — Одбор на штрајкачите.

Горниот акт сум го доставил по службена должност на г. министер на просветата и на актот под бр. 35.126 го добив овој одговор:

„Формирајте комисија од еден лекар, еден наставник, еден граѓанин и еден ученик кој ќе го утврди бројот на најлошо облечените ученици и кои се без стан.

---

20. Александар Апвстолов, Вардарска Македонија од Првата светска воіна до изборите за Конституантата — 28 ноември 1920 година, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, историско-филолошки оддел, книга 13, Скопје, 1962, стр. 67.

21. Пак таму, стр. 64.

Министерството, спрема буџетските можности, ќе стори што може за да се поправи положбата на најзагрозените.

На учениците да им се соопшти предното и да се повикаат веднаш на работа.

Кој во рок од три дена, по ова соопштение, не ќе сака да ја посетува наставата, ќе биде лишен од сите досегашни принадлежности, (од менза, од дом и од стипендија).

Потоа сопштите ги имињата на таквите ученици на месната полиција за да знае дека тие не се повеќе ученици на таа школа.

25-XI-1919. г.
Б(елград)

По наредба на министерот,
началник
Миливое Јовановиќ

Соопштувајќи им ја на учениците од Педагошкото одделение предната одлука од господинот министер ги повикувам:

1. Да изберат од својата средина еден учесник за член на комисија;

2. Утре да дојдат сите на предавања, за да не ги поднесат последиците од горната заповед на господинот министер.

25 ноември 1919 година.
Белград.

Го застапува управителот,
Д-р Чед. Марјановиќ, проф

## ДО ГОСПОДИНОТ МИНИСТЕР НА ПРОСВЕТАТА
Белград

**Господине министре,**

Знаеме и видиме дека положбата на учениците во сите училишта е до немајкаде бедна; знаеме и видиме, господине министре, дека Вам не ви е многу грижа за тоа како живее училишната младина; знаеме и гледаме, господине министре, дека никако не водите сметка за своите идни просветни работници и народни учители. Го знаеме и тоа дека нас, учениците од учителските школи, сосема сте нѐ заборавиле и сте нѐ оставиле на самите себе на милост и немилост на небото за од него да чекаме благодет. Знаеме дека сме меѓу бедните најбедни, меѓу последните последни. Зошто, „становите, што повеќе личат на гробници, отколку на станови", а огрев, што го немаме ниту во училиштето, ниту надвор од него, облека и обувки што исто така ја немаме, „храната" што е рамна на помија, — сето тоа нѐ присилува секој ден да ги празниме училниците, а да ги полниме болниците. Ние патуваме во преградките на блиската и сигурна смрт и тоа во смрт од глад и од студ. Мизерните 40 динари што треба да ни се даваат и се викаат стипендија — не знаеме зошто — не се

достатно ни за училишен материјал, а каде е стан, отоплување и други потреби...? Заради сето тоа не сме во состојба да одиме на училиште додека не ни се создадат услови, барем приближно до човечкиот живот. Ние, со болка во душата го оставаме училиштето и бараме заработувачка на друга страна, за да можеме да живееме, додека Вие не ни обезбедите леб за да можеме да се вратиме во училиште.

Заради тоа, господине министре, бараме:

1. да ни се издава храна во сите училишта во такво количесто што ќе е нужно да ни го гарантира здравјето, та според тоа и успешна работа. Таблицата на храната да се определи со оглед на горниот став; да се утврди од страна на Министерството и да се објави (обнародува). Во секое училиште да се создаде одбор од ученици, што ќе следи да ни се издава храната според определената таблица;

2. да ни се обезбедат удобни станови. Таму кадешто тоа е неможно да ни се издаваат по 80 динари за станарина;

3. да ни се определи и исплатува месечна стипендија во износ од 100 динари. За критериум на стипендијата да се зема предвид уверение за непосреден данок, т.е. ако истиот е под 100 динари. Класификацијата според оценките да отпадне и стипендијата со тоа да се изедначи за сите. Стипендијата ќе се употребува за училишни материјали и други лични потреби. Стипендијата да се издава унапред и редовно за секој месец.

На учениците и ученичките чиишто домаќинства плаќаат под 30 динари непосреден данок да не им се одзема од стипендиите за исхрана;

4. во најскоро време да ни се издаде облека и обувки, бидејќи во тој однос стоиме најлошо;

5. времето поминато на школување и за полагање на испити да се изедначи во сите училишта и за сите курсеви. За среден критериум за ова да послужи Јагодинската учителска школа;

6. да ни се обезбедат училници во кои ќе можеме, без треперење од студ, нормално да работиме;

7. да ни се загарантира слобода на здружување;

8. да се определи една анкетна комисија составена од: инженер, лекар, учител и еден член од Работничката комора, која ќе ги посети сите учителски школи, ќе ги прегледа учениците, ќе ги испита нивните економски и хигиенски услови под кои живеат и за тоа ќе публикува извештај;

9. а) Во Скопје веднаш да се отвори училиште за оние 300-400 души што од јануари оваа година не отпочнале со работа;

б) во Неготин да се обезбеди нова просторија за менза и да се набават садови за истата;

10. Никој од нас да не биде казнет за тоа што престанал да доаѓа на училиште, и тоа да не ни се зема како лоша постапка при определување годишната оценка од поведението. Времето во кое не ги посетуваме предавањата да ни се смета како да сме го работеле.

Доставувајќи Ви ги, господине министре, овие наши скромни барања, Ве молиме веднаш да ги земете во постапка. На предавања не можеме да одиме се дури не се удоволи на сите наши барања.

На 26 ноември 1919 година,
Во Белград.

Педагошки курс:

Миро Зониќ

Аранѓел Филиповиќ

Бранислав Вељковиќ

Лука Мркшиќ

Београд. жен. уч. школа

Христина Павковиќева

Милева Васиљевиќ

Теодора Живковиќ

Радмила Деспотовиќка

Крагујевачки педаг. курс:

Милоје Кариќ

Александар Вукадиновиќ

Делегати:

Од Скопската учител. школа

Нестор Јевѓевиќ
Митар Милатовиќ
Тајмиќ

Од Неготинската учителска школа:

Мирко Н. Миљевиќ
Бора Панковиќ
Спасиќ

Од Јагодинската учителска школа:

Величко Марковиќ
Богољуб Ф. Благојевиќ
Душан Лопичиќ
Александар Путник
Светомир Живановиќ

## ДО ГОСПОДИНОТ УПРАВИТЕЛ НА ПЕДАГОШКИОТ КУРС БЕЛГРАД

Вашата заповед од 25 ов. м. под бр. 1685 за нас останува неважна се додека нашите барања не бидат исполнети како и барањата на сите учителски школи во Србија, што уште утре ќе му се предадат лично на господинот министер на просветата.

26 ноември 1919 година
Белград.

**Ученици на Педагошкиот курс.**

МИНИСТЕРСТВО НА ПРОСВЕТАТА

На кралството на Србите, Хрватите и Словенците

Одделение за основна настава

Пов. О. Н. Бр. 77

2. декември 1919 г.

Во Белград.

По сослушувањето на жалбите и молбите на учениците од учителските школи констатирав:

1. дека жалбите не се однесуваат на никаква незаконска дејност на било кој од просветните органи, ниту на однесување од страна на старешините што не би било во духот на законските уредби;

2. дека молбите не се засновани на некое законско право, бидејќи молителите се само стипендисти (благодејанци-во ориг.) и тие државни стипендии ги користат во широка мерка.

Но бидејќи извештаите од поедини управи на школите гласат: дека во некои школи храната навистина била поoскудна отколку што тоа било намера на Министерството, според одобрените пресметки, и бидејќи е констатирана извесна оскудица во облеката, во обувките и становите, заради тоа:

Решавам:

1. храната да се подобри во Јагодинската, Неготинската и Скопската учителска школа во смисла на заклучоците од Комсијата;

2. школските управи, со помош на месните одбори, да изнајдат макар и најмали станови за оние ученици кои се сосема без покрив над главата;

3. стипендиите да се изедначат така што сите многу добри ученици да примаат по 60 (шеесет) динари месечно;

4. да се направи постапка кај комисиите и кај Министерството на исхраната, за да се овозможи снабдување на оние ученици што најмногу оскудеваат со облека и обувки, и се сосема без родители, а тоа што се наоѓа во магацините да се подели на оние што имаат најмногу нужда;

5. курсевите во сите школи да траат еднакво време;

6. строго да се применува чл. 23 од Школските правила за ученичките дружини со цел стручно усовршување и взаемно потпомагање. На овие цели и на работата најстрого да се пази.

2. декември 1919 г. Министер на просветата,

Павле Маринковиќ

МИНИСТЕРСТВО НА ПРОСВЕТАТА

На кралството на Србите, Хрватите и Словенците
Одделение за основна настава
К. О. Н. Бр. 78
2. декември 1919 г.
Во Белград.

До управителите на учителските школи
во Неготин, Скопје, Јагодина
Педаг. одделение во Белград и Крагуевац

Штом ќе го примите актот бр. 77 ќе ги затворите школите и ќе им ускратите на сите стан и исхрана и ќе ги повикате учениците на упис во рок од три дена. Којшто не ќе се запише соопштите му дека престанал да биде ученик понатаму според законот.

За сите кои ќе се запишат, а што се најдени за виновни, ќе постапите поблаго и ќе ги казните во кругот на своето овластување, но без истерување од училиштето.

Да им се соопшти: дека за прва дисциплинска грешка ќе бидат исклучени од училиштето.

Министер на просветата
Павле Маринковиќ

ИТНО

До директорите:

1. Веднаш родителски состанок (да се свика. — А. А.).

2. Да се повикаат учениците да дојдат на предавања, во рок од 24 часа. Ако не дојдат, да се затворат школите и да се повикаат на упис од 3. дек(ември, но не може сосема добро да се прочита. — А. А.).

Кој не ќе се запише, да се соопшти дека престанале да бидат ученици списковите на незапишаните ученици (да се испраат. — А. А.). на полициските власти за да ги отстрани во местата каде живеат.

**Потоа**

3. Строго да се испитаат жалбите на учениците за злоупотребите.

Оние (ученици. — А. А.) кои дошле на предавања да се сметаат за запишани.*

## ШТО Е СТОРЕНО ПО ПРАШАЊАТА НАБРОЕНИ ВО РЕЗОЛУЦИЈАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД УЧИТЕЛСКИТЕ ШКОЛИ?

Во врска со точката 1.

Заповедано е уште на 25 да се формира комисија од еден лекар, еден граѓанин, еден наставник и еден ученик, која ќе го оцени и квалитетот и квантитетот на досегашната исхрана во секоја школа, и ќе ги испита пазаришните цени, за да може, спрема буџетските можности, да се утврди таблица за исхрана за секоја од учителските школи. Таквите таблици ќе ги потврдува министерот на просветата. За истата цел заповедано е учителските школи да испраќаат извештај секои десет дена за исхраната на учениците и ученичките.

Во врска со точката 2.

Заповедано им е на управите на учителските школи, со помош на месниот одбор, да најдат стан на учениците што се без стан, или да препорачаат мерки што треба да се преземат за да се изнајдат такви станови.

Во врска со точката 3.

Испратено е писмо до министерот на финансиите да види дали постојат можности за зголемување на стипендиите.

Во врска со точката 4.

Направени се чекори кај министерот на трговијата и кај министерот на прехраната и обновата на земјата, како и кај мисиите (странски — А. А.) да се изнајдат можности за снабдување со облека и обувки најоскудните ученици.

Во врска со точката 5.

Заповедано е курсевите да траат исто време во сите учителски школи.

Во врска со точката 6.

По извештајот од Комисијата ќе се стори што е технички можно.

Во врска со точката 7.

Спрема чл. 23 од училишните правилници за учениците на учителските школи, се позволува (основање — А. А.) ученички

* По се изгледа — според ракописот — дека е ова концепт составен од министерот на просветата. Под него нема никаков потпис.

здруженија со цел натамошно стручно усовршување и взаемно помагање, откако министерот ќе ги одобри статутите на поедини такви здруженија.

Во врска со точката 8.

Веќе е формирана комисија која ќе ги прегледа хигиенските услови за живот во школите.

Во врска со точката 9-а.

Преземени се чекори уште пред 15 дена, учениците на кои за сега не им е овозможено школувањето во Скопје, да се упатат во учителските школи во Војводина.

Во врска со точката 9-б.

Направен е чекор кај дирекцијата за воен плен да се набави потребниот прибор за мензата.

Спрема податоците што ќе ги утврди специјална комисија така и ќе се постапи спрема досегашното однесување на поедини ученици, и како ќе заслужат со натамошното свое однесување.

Потпис (не се чита, но со сигурност можеме да констатираме дека тогашен министер на просветата на Кралството СХС беше Павле Маринковиќ).

## ПРЕГЛЕД

на работата за снабдувањето на учениците од учителските школи.

За ученичките мензи, освен храна од магазините, издадено е спрема бројот на учениците, за последните три месеци:

| | | |
|---|---|---|
| 1. За Алексинац | 14.500 (динари — А.А.) | |
| 2. За Јагодина | 14.500 | " |
| 3. За Неготин | 12.500 | " |
| 4. За Скопје | 18.000 | " |
| 5. За Крагуевац | 10.000 | " |
| | 69.500 | " |

Освен тоа издадено е за стипендии (блогодејање):

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. За Белградската (учителска школа — А. А.) | | | 10.000 |
| 2. За Крагуевачката | | “ | 17.333 |
| 3. За Алексиначката | | “ | 16.600 |
| 4. За Негоитнската | | “ | 14.800 |
| 5. За Јагодинската | | “ | 18.906 |
| 6. За Скопската | | “ | 32.000 |
| “ | за пансион | | 10.000 |
| “ | за книги и учебни помагала | | 12.000 |
| На Јагодинската | | “ | 3.000 |
| На Белградската | | “ | 5.000 |
| на Педагошкото одделение за сеп. и окт (омври) | | | 5.300 |
| | за книги | | 1.100 |

(Како вкупна бројка ставена е 150.000 со ракопис од министерот, секако сакајќи да ја заокружи цифрата која всушност изнесува 146.039. — бел. од А. А).

Освен ова давана е бесплатна храна на сите школи и одделенија во мензите, а станови имаат во школите во повеќето места.

Сите ученици од сите школи добија од Американската мисија минатата година материјал за облека и обувки.

## ДО МИНИСТЕРСТВОТО НА ПРОСВЕТАТА
## БЕЛГРАД

Потпишаните најучтиво ја поднесуваме оваа молба за следново:

Спрема Вашата заповед О. Н. Бр. 45633 од 13 декември 1922 година, како и соопштението на г. управителот на тукашната учителска школа, со кое се бара од сите ученици-стипендијанти следново:

а) дека сме должни да дадеме писмена обврска, дека по свршувањето на школата, должни сме како учители да прослужиме двојно време во местото на службата, во однос на она време што примавме државна стипендија.

б) добрите и многу добрите ученици не можат да примаат цел износ на стипендиите туку ќе мораат да доплатуваат.

Со сите овие услови што од нас се бараат да ги исполниме, ние би се согласиле, бидејќи се сметаме за државни стипендијанти, но всушност ние не ги уживавме потполно правата на такви, зашто оскудеваме во храна, облека, долна пресвлека, како и дру-

ги ученички потреби. Затоа му се обрнуваме на Министерството со оваа молба и изјавуваме следново: ќе се потпишеме и ќе дадеме обврска ама под овие услови:

а) Сите ученици-стипендисти било да се одлични многу добри и добри (по успех. — А. А.), да не доплатуваат ништо туку да примат целосни стипендии.

б) Да ни се подобри храната од која оскудевавме, како и да ни се даде помош во облека, чевли, долна облека и други ученички потреби за време на школувањето.

в) Да не ни се смета минатата школска година, како и досегашното време, двојно, а така и на сите ученици коишто не можат да останат како обавезни стипендисти, до решението на оваа молба, ништо да не должат за примената досегашна помош, за коишто работи Министерството на просветата не издало таква заповед ниту во почетокот на минатата, ниту за оваа учебна година.

Ако овие услови бидат прифатени, тогаш ќе се сметаме наполно државни стипендијанти, и секогаш ќе му бидеме предани на позивот за кој се спремаме; во спротивно не ќе можеме да ја продолжиме натамошната работа во училиштето.

Учтиви:

учениците на Скопската учителска школа.

1. Новак Дурковиќ
2. Душан Баранин
3. Милан Коматина
4. Милорад Поповиќ
5. Живко Кујунџиќ
6. Миле Дациќ
7. Марко Д. Марковиќ
8. Симеун Петровиќ
9. Василије Милашиновиќ
10. Миливое Даниловиќ
11. Милутин Лаловиќ
12. Арсение Вуковиќ
13. Видо Шќепановиќ
14. Димитрие Ристиќ
15. Јован Митиќ
16. Михајло Јовановиќ
17. Драгослав Нешиќ
18. Михајло Спасиќ
19. Вукадин Тубиќ
20. Никола Савовиќ
21. Љубомир Вешковиќ
22. Божо Дурутовиќ
23. Раде Божовиќ
24. Василие Заковиќ
25. Чедомир Шошкиќ
26. Јакша Дрљевиќ
27. Среќо Лазиќ
28. Живоин Поповиќ
29. Богдан Морапзиќ
30. Рајко Русимовиќ
31. Андрија Перуновиќ
32. Милорад Димитријевиќ
33. Живко Манојловиќ
34. Божидар Карличиќ
35. Матија Милачиќ
36. Добривоје Никачевиќ
37. Властимир Стојановиќ
38. Марко Вујадиновиќ
39. Бошко Чикириз
40. Михаило Балевиќ
41. Стојан Живковиќ
42. Станимир Тасиќ

43. Предраг Жеравић
44. Каменко Кузевић
45. Боривое Петровић
46. Радислав Тодоровић
47. Драгослав Томшић
48. Душан Николић
49. Александар Михаиловић
50. Вукман Станковић
51. Живко Елезовић
52. Богдан Елезовић
53. Станко Величковић
54. Марко Никитовић
55. Михаило Обрадовић
56. Живко Радоњић
57. Љубомир Ранић
58. Радојко Миловић
59. Јовета Михаиловић
60. Лазар Јовановић
61. Петар Поповић
62. Млаѓен Крејовић
63. Никола Шибалија
64. Симеун Карамарковић
65. Драго М. Поткарић
66. Воислав Билибајкић
67. Наум Ристић
68. Крста Трбунић
69. Ванѓел Шубарић
70. Илија Смиљанић
71. Јован Спирић
72. Зарија Гојковић
73. Милосав Јовoвић
74. Благое Михаиловић
75. Миливое Глушица
76. Бећир Тошовић
77. Радисав Илић
78. Душан Поповић
79. Велимир Лазић
80. Илија Поповић
81. Вукадин Капетановић
82. Стојадин Гацић
83. Новак Станковић
84. Драгомир Младеновић
85. Милован Павличић
86. Тихомир Ѓорѓевић
87. Милорад Милошевић
88. Милан Г. Станимировић
89. Михаило Јордановић
90. Риста Апостоловић
91. Светислав Трифуновић
92. Новица Сератлић
93. Владимир Ѓокић
94. Божидар Тренковић
95. Благое Таневић
96. Светозар Димић
97. Слободан Ѓорѓевић
98. Михаило Жугић
99. Петар Арсић
100. Предраг Николчеѓић
101. Божо Благоевић
102. Радое Клаић
103. Драгољуб Елезовић
104. Спира Којзеклиевић
105. Павле Јакимовић
106. Лука Елезовић
107. Јоле Жуњић
108. Вукое Божовић
109. Богољуб Поповић
110. Радислав Батектић
111. Ненад Кајовић
112. Стеван Поповић
113. Алекса Баћовић
114. Тодор Цветановић
115. Аврам Божидаревић
116. Сава Татар
117. Славољуб Марјановић
118. Предејан Кочић
119. Павле Павловић
120. Новак П. Микоњић

Пропишаната такса ја приложуваме освен за учениците кои се ослободени според чл. 5, точка 6. од аЗконот за таксите.

13 декември 1922 год.
Скопје.

Молбата е заведена во Скопската учителска школа под бр. 2552, од 17 декември 1922 година.

## СКОПСКА УЧИТЕЛСКА ШКОЛА

Кралство на Србите Хрватите и Словенците
**Пов. бр. 17**

17 декември 1922 година
**Скопје.**

**До министерството на просветата**
**Одделение за основна настава**
**Белград.**

Со воведувањето во живот на правилата за давање стипендии О. Н. Бр. 45633 предизвикани се немили појави во доверената ми школа, што го разнишаа редот и дисциплината и го засегнаа авторитетот на законот и на власта.

Работата се однесува на следново:

Со завршувањето на првото тромесечје, врз основа на успехот и имотната состојба, Наставничкиот совет ги определи стипендистите и висината на стипендиите за второто тромесечје. Управата (на Школата. — А. А.) издаде соопштение според кое стипендистите треба да постапат според членот 9. од Правилата за доделување стипендии. На 11 декември, делегација од учениците, поднесе потпишана писмена претставка во која како главно изјавуваат дека не сакаат да дадат писмена обврска, што се бара во погоре спомнатиот член од Правилата. Потпишаниот, заедно со класните раководители, им ги предочи на собраните ученици од сите класови незгодните последици и за школата и за нив лично, што неминовно ќе уследат по повод на овој нивни акт. И покрај советувањето и убедувањето, учениците останаа упорно доследни дека не сакаат да дадат обврски, барајќи нивната претставка да се испрати до Министерството на просветата.

За да се овозможи натамошната работа, потпишаниот се откажа од барање обврска, дури Министерството не донесе одлука по нивното барање. Потоа, учениците, спонтано, и покрај управителовата заповед, ја претворија просторијата за работа во просторија за собир од каде не сакаа да се разотидат и да ја продолжат работата на часовите, се дури потпишаниот лично не интервенираше,

Појави на пасивен штрајк манифестирани се од страна на учениците на часот по историја кај професорот г. Петар Митропан, суплент, на тој начин што учениците не сакале да одговараат на прашањата на предметниот наствник, што требало да значи солидарност во протестот заради слабите оценки дадени порано во тој клас од страна на овој наставник.

На истиот ден станале учениците јавно против постојниот ред во ученичката трпезарија, кадешто еден ученик во време на ручекот, во присуство на еден наставник-воспитувач, ги повикал другарите да ги сменат оние ученици кои управителот ги поставил како контрола над работата во кујната, мензата и над сите материјални работења. Истиот ден, група од 8 ученици, и покрај постојната писмена забрана, дека освен дежурните, никој не може да влегува во кујната, влегле пркосно, сакајќи со тоа да изразат непокорување на постојните наредби од управителот. Сите овие појави управителот ги соопштувал на време на Наставничкиот совет со којшто донесувал потребни одлуки за тоа што треба да се работи.

Како главно што е констатирано на овие седници на професорскиот совет е ова:

I дека причината за овие непожелни појави лежи во измените на висината на стипендиите за издржување на учениците, што сето дошло во невреме;

II во нередовното отпуштање кредити како за издржавање на школата, така и за издржавање на нејзините ученици;

III дека треба неминовно да се спасува авторитетот на властите и на законите од самоволијата на учениците во оваа школа.

На крајот професорскиот совет се сложил во мислата дека би било неопортуно во овие денови на возбуди да се казнат појавените нарушувачи со истерување од школата, плашејќи се да не се предизвикаат поголеми вриења.

Не влегувајќи во оценка на причините на ваквото движење треба да се гледа на стварноста што постои, а таа е: учениците — стипендисти откажале да извршат еден чисто законски пропис, и наместо благодарност спрема државата, што им овозможува школување, тие ѝ диктираат специјални услови што има да се исполнат, за да тие дадат обврска дека потоа ќе бидат учители. Со самото тоа тие ѝ укажале на надлежната власт па и начин по кој треба да оди, а тоа е: да се затвори школата, домот и мензата на 1 јануари на неодредено време; да се поништи уписот во оваа школа на сите потписници на приложената претставка; да се објави нов упис што е можно поскоро со прецизни услови; да се изостават од упис сите оние ученици што се покажале водачи и најекстремни елементи. Секакво попуштање во ваквите

прилики би значело да им се угодува на овие елементи, кои нерадо се помируваат со редот, а во исто време со тоа би се оневозможила успешната работа за воведување ред и дисциплина како во школата така и во интернатот.

Работата е итна и не смее да се одложува. Молам за нужните наредби.

Управител,
Вук — презимето не се чита.

Прилог:

Кон молбата од учениците таксена марка од 200 дин. не поништена.

Молбата е заведена во Министерството на просветата под Пов. О. Н. Бр. 29 на 12. II. 1923 година. и дадена на Отсекот за учителски школи „со молба на надлежно решење“.